**РЕЦЕНЗИЈА**

**за проф. д-р Стојко Стојков**

**од Р Бугарија, вработен на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидат за член на МАНУ, надвор од работниот состав**

**1.** ***Биографски податоци***

Кандидатот Стојко Стојков е роден на 16 април 1974 г., во Сандански, Р Бугарија. Основно и средно образование завршил во родниот град. Во 1992 г., Стојков се запишал на групата Историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирал во 1998 г., со просек 9,08, за што ја добил наградата „Љубен Лапе“ за студент по историја со највисок просек за соодветната година.

Во периодот меѓу 1996 – 2000 г., соработувал и објавувал во списанието на пиринската емиграција во Република Македонија, „Пирински глас“. Од 1997 до 2002 г., работел како хонорарен преведувач од бугарски на македонски јазик и од македонски на бугарски јазик, на историски документи и текстови за Државниот архив на Република Македонија. Во исто време пишувал и за списанието „Македонско сонце“.

Во 1998 г., се запишал на магистерски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – на насоката Средновековна историја, кои ги завршил со просек 9,80. Магистерската теза ја одбранил на 3 јули 2003 г., на тема „Македонија помеѓу Византија и Бугарија VII – X в. (политички и етнички односи)“ и се здобил со звање магистер по историја.

Од 1998 г., настапува со свои реферати на научни конференции во земјата и во странство и објавува научни трудови во научни списанија и зборници. Од 2004 до 2022 г., Стојков е новинар, технички уредник и заменик на главниот уредник на „Народна волја – македонски весник за теорија, историја, култура и уметност“. Од 2005 до 2015 г., работи како главен уредник на билтенот „Македонски глас“. Во последните две списанија објавува голем број научнопопуларни статии, критики, спомени и документи.

Докторирал на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2013 г., на тема „Поимите Словени и Бугари во Македонија и Бугарија (7 – 13 в.)“, под менторство на проф. д-р Коста Аџиевски, и се здобива со степен доктор на историски науки.

Во 2014 г., тој е избран за доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, од областа на средновековната историја, во 2018 г., за вонреден професор од областите на средновековната историја и византологија, а во 2023 г., за редовен професор на истиот факултет, каде што држи настава на Прв и на Втор циклус студии од областа на средниот век (Македонија и Европа), византологијата и од теоријата на историјата. Исто така, тој учествува во изработката на елаборати за Прв и за Втор циклус на студии на Факултетот за образовни науки, по предметите Историја и Историја и археологија. Како професор учествува во изработката и во одбраната и на дипломски, магистерски и докторски трудови, и се појавува како автор на повеќе учебници, практикуми, скрипти, брошури и сценарија за документарни филмови.

Во 2016 г., Стојков учествува во основањето на Комитетот за византологија и медиевистика на Република Македонија и станува член на Претседателството на Комитетот, а во тој период членува и во Редакцијата на списанието *Review of Institute of History and Archelogy*, на Институтот за историја и археологија при ФОН УГД – Штип.

Активен е во движењето на Македонците во Бугарија како сопретседател на ОМО „Пирин“ (2004 – 2006) и на ОМО „Илинден“ – Пирин (2006 – 2025 г.) како сопретседател и портпарол. Во периодот 2011 – 2025 г., има изготвено 15 извештаи за положбата на македонското малцинство во Бугарија. Во 2006 г., го заштитувал македонското малцинство на прес-конференцијата во Европскиот парламент и со учеството во повеќе телевизиски емисии и дебати, во Македонија и во Бугарија.

Активно ги владее македонскиот јазик, англискиот и бугарскиот, а пасивно, рускиот јазик, српскиот и старословенскиот јазик.

**Научна дејност**

Основниот научен и академски интерес на проф. д-р Стојко Стојков го претставуваат темите поврзани со етничките прашања и со Македонија во средниот век, Византија како историја и наследство, појавата и развојот на нациите на Балканот, влијанието на идеологиите врз интерпретациите на минатото, како и положбата на македонското малцинство во Бугарија. Во областа на овие теми досега тој има публикувано пет монографии и десетици научни и научнопопуларни статии, објавени во научни и во стручни списанија во Македонија и во списанија во странство, со фактор на влијание (импакт-фактор).

***а) Книги***

Во 2014 година, проф. д-р Стојко Стојков ја објавува својата прва монографија: *Табу – време на страв и страдање. Прогонувањето на Македонците во Бугарија за време на комунизмот,* во Благоевград (на бугарски јазик). Подоцна ги објавува: *Осудена надеж,* Благоевград, 2017 г. (на бугарски јазик); *Никола Вапцаров: Ние сме Македонци и нашето творештво треба да биде во служба на македонската кауза,* Благоевград, 2022 г. (на бугарски јазик); *Многуимените Други – Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан,* Штип, 2023 г., и *Многуимените Други. Македонија – пресечна точка на Другоста на средновековниот Балкан (Идентитетски јазли),* Комитет за византологија и медиевистика на Р Македонија, Скопје, 2024 г.

1. Првата негова монографија на бугарски јазик: *Табу – време на страв и страдање. Прогонувањето на Македонците во Бугарија за време на комунизмот (зборник на документи и спомени),* Благоевград, 2014 г. (на бугарски јазик), претставува значаен и обемен прилог во истражувањето на една малку позната и важна тема во македонската историја: репресиите над луѓето со македонска самосвест во комунистичка Бугарија, во периодот 1944 – 1989 г. Книгата содржи голем број спомени на репресирани Македонци, повеќето од кои се објавуваат првпат или биле објавени во тешко достапни весници и списанија, како и документи од судови и служби за безбедноста кои се однесуваат директно или индиректно за неколку стотини репресирани луѓе. Акад. Виктор Фридман, во 2020 г., овој труд ќе го дефинира како „најдобар извор за македонското малцинство во Бугарија“. Во 2025 г., во Скопје, оваа книга излезе на македонски јазик, во издание на „Матица македонска“, и претставува проширено и дополнето издание со повеќе нови спомени и документи.

2. Монографијата *Многуимените други. Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан (Идентитетски студии)* (Штип, 2023 г.), нуди оригинална призма низ која се истражува идентитетот на луѓето во минатото, преку Другоста што дозволува да се создадат граници – линии на различност и преку нивното комбинирање – зони на другост. Според авторот, поголемиот дел од Македонија потпаѓа во таква зона на Другост во средниот век наспроти политичките центри на Византија, Бугарија и Србија, чии политички елити гледале на населението во оваа зона како на различно. Посебно внимание е посветено на семантиката, употребата на клучни поими и нивно поврзување во нивниот природен средновековен контекст, ослободено од нивно модернизирање и од влијанијата на современите идеолошки интерпретации на минатото.

Книгата ги применува најновите достигнувања на науката во областа на идентитетот, етницитетот и национализмот.

3. Второто и проширено издание на овој труд, под наслов: *Многуимените Други. Македонија – пресечна точка на Другоста на средновековниот Балкан (Идентитетски јазли)* (Комитет за византологија и медиевистика на Р Македонија, Скопје, 2024 г.), содржи повеќе нови теми, меѓу кои: однос – соодност Словени – староседелци, лојалноста како репер за идентитетот во средниот век, како и карактерот и разбирањето на империјалните формации на Балканот. Делото нуди нова научна интерпретација на идентитетските прашања во македонската средновековна историја, развивајќи и применувајќи нова и оригинална методологија. Според рецензентите, книгата „претставува значаен придонес во истражувањето на идентитетските прашања во средновековна Македонија и пошироко“, и во неа: „на високонаучен и професионален начин се третираат прашањата за балканскиот средновековен етницитет, особено оние кои се однесуваат на објективното толкување и интерпретирање на средновековните етноними (особено, Словени и Бугари)“.

4. *Осудена надеж* (Благоевград, 2015 г.) е посветена на слабопознатата тема за појавата, развојот и за распадот на организацијата на Македонците во Бугарија – ОМО „Илинден“ (1990 – 1993 г.) Тоа е прва книга што го истражува овој слабопознат дел од македонската историја, базирана на изворен материјал и на спомените на учесниците.

5. Делото: *Никола Вапцаров. Ние сме Македонци и нашето творештво треба да биде во служба на македонската кауза,* (Македонски културен клуб „Никола Вапцаров“, Благоевград, 2022 г. (на бугарски јазик)), претставува зборник со творби и со документи од Никола Вапцаров и спомени од негови современици, кои го покажуваат неговиот македонски идентитет и свест. Трудот има и второ издание на бугарски јазик.

***б) Научни трудови објавени во списание со фактор на влијание (импакт-фактор)***

1. Трудот: *From 'Nations' to 'Archontias' (I) 'Sclavinia' and 'Sclavoarchontia': Terms and Chronology; Slověne, International journal of Slavic studies* 9 (1), 2020: 7–28, претставува прв дел од истражувањето на проблемот со појавата и со значењето на терминот Склавинија во средновековните извори. Со него, авторот се вклучува во дебатата по тоа прашање која е особено актуелна во претходната деценија. Овој прв дел нуди детална анализа на историските извори во кои се употребува поимот Склавинија и дебатира на прашањето за хронологијата на употребата на овој поим.

2. Вториот дел од трудот, *From 'Nations' to 'Archontias' (II) Terms 'Sclavinia' and 'Sclavoarchontia' and Incorporation of Balkan Slavs in Byzantium. Slověne, International journal of Slavic studies, 9 (2), 2020: 7–37,* е посветен на поимот Склавинија и ја истражува врската меѓу политичките и административните промени на Балканот и појавата на соодветните поими. Оригинална теза на авторот е дека поимот Склавинија е поврзан со специфичен статус даван на словенските единици соседни на византиските теми, а кои имале цел тие да се заштитат, додека терминот склавоархонтија се однесува на истите единици веќе инкорпорирани внатре, во темите. Појавата на овие поими соодветно означува конкретни реалности и начини на кои Византија ги инкорпорирала Словените во својот политички систем. Овие две статии претставуваат извонредно детална и аргументирана анализа на појавата, хронологијата, начините на употреба, причините за нејзината појава и на влегувањето во употреба на овој значаен историски поим. Понудените решенија се оригинални и директно влијаат врз разбирањето на историските процеси во раниот среден век.

3. *Subjective and objective in the national self-identification of Macedonians in Bulgaria,* е третиот труд со фактор на влијание (импакт-фактор) на авторот, објавен во списанието *Balkan Social Science Review* 2020, 16: 227–245 (како соавтор). Во трудот, низ призмата на т.н. „субјективни" и „објективни" критериуми, се анализирани актуелните теоретски и практични проблеми поврзани со самоидентификацијата на Македонците и со непризнавањето на македонското малцинство од страна на бугарската држава. Се констатира дека официјалните државни митови дека бугарските граѓани, кои се идентификуваат себеси со македонското национално малцинство, се непријатели на бугарскиот народ и на државата, противејќи му се на единството на бугарската нација, немаат објективна основа. Притоа, се истакнува важноста на меѓународната правна заштита на македонското малцинство и на заштитата на неговите права (во контекст на 14-те одлуки на ЕСЧП во полза на македонското малцинство кои не се исполнети од Бугарија), а исто така, се формулираат предлози насочени кон подобрување на ефективноста на меѓународната правна заштита на правата на македонското малцинство во Бугарија.

Во ова пригода ќе ја спомeнеме уште и статијата: *Persecution of "Non-Existent": Repression of Macedonians in Bulgaria during the Communist Period (1944 – 1989),* во зборникот: *Macedonia & its Questions. Studies on Language and Culture in Central and Eastern Europe* (34). Peter Lang, Berlin, 2020: 205–255. Овој труд претставува прва детална обработка на репресиите врз македонското малцинство во Бугарија за време на

комунизмот и прво претставување на темата пред светската научна сцена преку престижната издавачка куќа „Петер Ланг“.

Проф. д-р Стојко Стојков е автор на уште педесетина статии, објавени во меѓународни научни и стручни списанија и во зборници од конференции одржани во странство и во земјава. Во нив, авторот, на сериозен, студиозен и аналитичен начин, разгледува и анализира голем број настани и процеси од средновековниот период поврзани како со историски прашања така и со теоретски проблеми како што се етничноста и идентичноста во средниот век, нудејќи оригинални интерпретации и поставувајќи важни прашања. Исто така, тој продолжува со објавување на научни трудови и за современиот период во кој го анализира односот на бугарската држава и на нејзините позиции кон македонското малцинство во Бугарија и кон македонската нација.

Проф. Стојко Стојков има настапувано на голем број меѓународни и научни конференции и во неколку научни проекти меѓу кои треба да се истакне проектот: *Активностите на македонската емиграција во Бугарија 1944 – 1949 г.,* реализиран во МАНУ, под рakoвoводство на акад. Иван Катарџиев, од кој, во 2008 г., произлезе книгата со наслов *Македонската емиграција во Бугарија 1944 – 1949 г.*

**Заклучок**

Проф. д-р Стојко Стојков со својот сериозен научен и теоретски пристап во своите истражувања се наметна како еден од водечките медиевисти во пошироката академска средина. Неговите трудови, преку деталните анализи на важни научни проблеми и процеси, пополнуваат сериозни празнини во македонската и во балканската историографија за средниот век. Пристапот што го применува проф. д-р Стојков нуди нови оригинални интерпретации и аргументирани заклучоци за важни настани и личности и за комплицирани историски процеси од средниот век во однос на идентитетите, другоста, себеидентификацијата и историските претстави за другиот.

Неговото научно истражување, пак, на проблемите на македонското малцинство во Бугарија, од историски и од правен аспект, преку објавување на важни историски документи, овозможува пред научната јавност да биде презентирана една недоволно истражена и запоставувана истражувачка област што има посебно научно значење. Ваквото истражување допира и овозможува да се оформи пореална слика за одредени современи и актуелни политички и меѓународни проблеми и недоразбирања, што, од друга страна, може да понуди и извесни идеи за нивно надминување.

Врз основа на досегашната научна и општествена активност на проф. д-р Стојко Стојков од Р Бугарија, вработен на Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од која еден дел е наведена во оваа рецензија, чувствуваме задоволство да предложиме проф. д-р Стојко Стојков да биде избран за член на МАНУ надвор од работниот состав.

Скопје, 11. 8. 2025 г.

Со почит,

акад. Драги Ѓоргиев

# РЕЦЕНЗИЈА

за проф. д-р Стојко Стојков,
предложен за член на МАНУ надвор од работниот состав

Проф. д-р Стојко Стојков е роден на 16 април 1974 година во Сандански, Благоевградска област, Република Бугарија, каде што живее и денес. Основно и средно образование завршил во родниот град, а високото образование го оформил на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Историја, каде што дипломирал во 1998 година, со просек 9.08, како најдобар студент на генерацијата, за што ја добил наградата „Љубен Лапе“ за таа учебна година.

Во истата 1998 година се запишал на магистерски студии на Филозофскиот факултет – насока Средновековна историја, кои ги завршил со просек 9.80. Магистерскиот труд го одбранил на 3 јули 2003 година на тема „Македонија помеѓу Византија и Бугарија од VII до XIII в. (политички и етнички аспект)“. Во 2013 година, на истиот факултет, ја одбранил и својата докторска дисертација на тема „Поимите ’Словени‘ и ’Бугари‘ во Македонија и Бугарија од VII до XIII век (појава и значење)“.

Во 2014 година д-р Стојко Стојков е избран за наставник на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и тука се здобил со сите наставнички звања – доцент, вонреден професор и редовен професор. На Универзитетот во Штип работи и денес и тука држи настава по предмети поврзани со средновековниот период: Средновековна македонска историја, Византологија и Помошни историски науки.

Кандидатот проф. Стојко Стојков започнал да се занимава со научна работа веднаш по дипломирањето на групата Историја на Филозофскиот факултет. Бил хонорарен соработник на Државниот архив на Република Македонија за превод и обработка на архивски документи пишувани на архаичен бугарски јазик, собирал автентична документација во врска со репресирани Македонци во Бугарија и сл. Овој изворен материјал ќе му послужи за пишување на одделни монографии, статии за реномирани научни списанија, реферати за научни конференции и сл. За време на овој речиси тридецениски период, тој, притоа, ќе објави пет монографии, над 50 научни прилози и стотина научно-популарни статии во македонски и во бугарски весници и списанија.

Од монографските публикации на д-р Стојков посебно би ги истакнале монографиите: 1. Табу-време на страх и страдание. Преследването на Македонците в България по времето на комунизма, Благоевград 2014; 2. Осъдена надежда, Сандански 2016; 3. Никола Вапцаров, „Ние сме Македонци и нашето творчество трябва да бъде в служба на македонската кауза“, Благоевград 2022; 4. Многуимените Други. Македонија – пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан (Идентитетски јазли), Штип 2023 (прво издание) и Скопје 2024 (второ проширено издание); 5. Табу, време на страв и страдање. Прогонувањето на Македонците во Бугарија во времето на комунизмот (1944 – 1989), т. I, Скопје 2024 (проширено издание, по кое ќе следува втор том).

Своите научни прилози проф. д-р Стојко Стојков ги објавува во меѓународни и во домашни научни списанија, зборници од домашни и меѓународни научни конференции, специјализирани стручни списанија и сл. Некои од научните списанија во кои д-р Стојков објавува свои прилози, притоа, се со фактор на влијание (импакт-фактор). Таква е, на пример, обемната статија во две продолженија под наслов „From 'Nations' to 'Archontias', 'Sclavinia' and 'Sclavoarhontia': Terms and Chronology", објавена во меѓународното списание за славистички студии „Slověne" (бр. 9/1, 2020 г., стр. 7–28 и бр. 9/2, 2020 г., стр. 7–37. Во оваа своја статија д-р Стојков го толкува поимот „Склавинија" од политичко-административен и историски аспект, презентирајќи свои научни тези во врска со употребата на овој историски поим.

Во изминатиот период, проф. д-р Стојко Стојков учествувал со свои реферати на триесетина научни конференции во земјава и во странство, главно со теми поврзани со средновековниот период и со положбата на македонското малцинство во Република Бугарија. Меѓу овие негови реферати би ги издвоиле следниве: „Битолската плоча – дилеми и интерпретации", прочитан на научниот собир „Самуиловата држава во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на Македонија", Струмица 2014 г.; „Term Sclavinia – Byzantium invention or wester influence?" – Меѓународен византолошки конгрес, Белград 2016 г.; „Свети Климент: епископ словенски / епископ на Бугарија" – Меѓународен научен собир „Милениумското зрачење на Св. Климент", МАНУ, октомври 2016 г.; „Некои забелешки за етницитетот и идентитетите кај населението во Македонија во 14 в." – Научен собир „650 години од битката на Марица (1371 – 2021)", Скопје, 17 декември 2021 г.; „The term Slavs and its gradual obsolescense in Byzantine sources (IX – XII) – International Congress of Byzantine Studies, 22–27 August 2022, Venice и др.

Покрај активната научна дејност, проф. Стојков бил член на организациските одбори на повеќе научни конференции, член на редакциските одбори на зборници од научни симпозиуми, член на редакциите на периодични научни изданија и сл. Член е на Претседателството на Комитетот за византологија и медиевистика на Република Македонија, на редакцијата на списанието за историја и археологија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип; бил заменик-главен уредник на македонскиот весник за историја, култура и уметност „Народна волја", издаван во Благоевград; главен уредник на билтенот „Македонски глас", издаван во градот Сандански од 2005 до 2015 г. итн.

Кандидатот проф. д-р Стојко Стојков, во својство на редовен професор на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, е вклучен во образовно-педагошката дејност на Универзитетот: подготвил четири учебници и практикуми, меѓу кои и учебникот „Империјата на Новиот Рим (1025 – 1453 г.)", рецензент е на статии, монографии и докторски трудови, а учествувал и во изработката на бројни научно-наставни елаборати.

Од научноистражувачките проекти во кои учествувал кандидатот, посебно место зазема проектот „Активностите на македонската емиграција во Бугарија од 1944 до 1949 г.", реализиран во МАНУ, чиј главен истражувач бил акад. Иван Катарџиев.

Генерално гледано, можеме да заклучиме дека основна преокупација на неговата научна дејност претставуваат темите: влијание на идеологиите врз интерпретациите на

историското минато, етничките прашања во средниот век, византиското историско наследство, појава и развој на нациите на Балканот и сл.

Имајќи го предвид изложеново дотука, цениме дека проф. д-р Стојко Стојков е исклучително компетентен научен истражувач во областа на медиевистиката и византологијата, со висок углед во научните средини и кај нас и надвор од Македонија. Имено затоа, со особено задоволство предлагаме тој да биде избран за член на Македонската академија на науките и уметностите надвор од работниот состав.

Рецензент
акад. Ѓорги Поп-Атанасов